Врз основа на член 25 од Статутот на Радиоаматерскиот сојуз на Македонија, а во согласност со Правилникот за користење на радиофреквенции во аматерска служба (Службен весник на Р.М. бр. 95 од 17.05.2016 година) Извршниот одбор на Радиоаматерскиот сојуз на Македонија на својата 12[та] редовна седница, одржана на ден 12.10.2016 година донесе:

РАДИОАМАТЕРСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0302-208
08.11.2016 год.
СКОПЈЕ

# ПРАВИЛНИК
## за предлог повикувачки знакови

**член 1**

Со овој Правилник се одредуваат критериумите и постапката на предлог за доделување на повикувачки знакови за радиоклубови и радиоаматери со положени А и Р класа, како и за странски државјани кои ќе побараат радиоаматерски знак во Република Македонија.

**член 2**

Радиоаматерските знакови ги доделува Агенцијата за електронски комуникации, а на предлог на Радиоаматерскиот сојуз на Македонија.

Радиоаматерскиот сојуз на Македонија води евиденција на сите издадени повикувачки знакови во соработка со Агенцијата за електронски комуникации, односно двапати во текот на годината врши ажурирање на издадените повикувачки знакови.

**член 3**

Предлогот на повикувачкиот знак за радиоаматери од "А" класа по правило е со две букви во суфиксот, а за радиоаматери од "Р" класа со три букви во суфиксот.

Радиоаматерските клубови во суфиксот можат да имаат една, две или три букви, врз основа на интересот на самиот радиоаматерски клуб.

Предлогот на повикувачки знакови со една буква во суфиксот имаат за цел промоција на квалитетот на радиоаматерската операторска работа, а претставуваат признание за повеќегодишната работа.

**член 4**

Секој радиоаматерски клуб и оператор од "А" класа може да побара повикувачки знак со една буква, во согласност со критериумите од овоја Правилник.

# БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОВИКУВАЧКИ ЗНАКОВИ

## Повикувачки знак со три букви

### Член 5

На радиоклубовите им се дава предлог на повикувачки знак од серијата Z37AAA до Z37ZZZ (табела 1)

На радиоаматерите со "А" и "Р" класа се дава предлог на повикувачки знакови од серијата Z31AAA – Z31ZZZ; Z32AAA – Z32ZZZ; Z33AAA – Z33ZZZ; Z34AAA – Z34ZZZ; Z35AAA – Z35ZZZ[1] Z36AAA - Z36ZZZ; Z39AAA - Z39ZZZ и Z30AAA – Z30ZZZ.

Стручната служба на Радиоаамтерскиот сојуз на Македонија, ќе проследи предлог за повикувачки знак до Агенцијата за електронски комуникации доколку истиот е слободен, а според редоследот на примените барања.

## Повикувачки знак со две букви

### Член 6

Предлог за доделување на повикувачки знак со две букви во суфиксот може да поднесе секој радиоаматер со "А" класа со најмалку 2 години радиоаматерски стаж во "Р" класа, доколку задоволува некои од следните услови:

1. Да има учествувано во најмалку 4 радиоаматерски натпревари екипно (HF IARU HQ contest, VHF/UHF IARU contest, CQ WW CW; CQ WW SSB, CQ WW RTTY, CQ WPX SSB, CQ WPX CW, CQ WPX RTTY, CQ RDXC)
2. Да покажал радиоаматерска активност со претходниот повикувачки знак
3. Да учествува во активностите на радиоаматерскиот клуб

Радио клубот може да поднесе предлог барање за повикувачки знак со две букви во суфиксот, Радиоаматерскиот сојуз на Македонија го проследува до АЕК, а одлуката ја донесува надлежната служба во АЕК.

## Повикувачки знак со една буква

### член 7

Предлог за повикувачки знак со една буква во суфиксот од серијата Z37A – Z37Z може да поднесе секој радиоклуб кој во текот на годината учествува најмалку во 2 меѓународни натпревари и достојно го презентира Радиоаматерскиот сојуз на Македонија и Република Македонија.

---

[1] Освен групите на знакови Z35MAA-Z35MZZ кои се наменети за идентификација на радиоаматерски радиофарови, Z35VAA-Z35VZZ кои се наменети за идентификација на радиоаматерски VHF репетитори и Z35UAA-Z35UZZ кои се наменети за радиоаматерски UHF репетитори.

Радиоаматер со положена “А” класа може да поднесе предлог за повикувачки знак со една буква во суфиксот од серијата Z31A-Z36Z и Z39A-Z30Z, со најмалку 5 години радиоаматерски стаж во “А” класа и да исполнува некои од следните услови:

1. да има потврдено најмалку 100 земји по DXCC листата работени на HF фреквенциите
2. да има потврдени најмалку 50 земји по DXCC листата работени на опсегот од 50 MHz, или потврдени 150 полиња на тој опсег според универзалниот светски локатор
3. да учествува во меѓународните натпревари на HF фреквенциите (CQ WW CW; CQ WW SSB; CQ WW RTTY; CQ WPX SSB; CQ WPX CW; CQ WPX RTTY; CQ RDXC)
4. да има потврдени најмалку 25 земји по DXCC листата работени на опсегот 144 MHz и 432 MHz или потврдени 100 полиња на тие опсези според универзалниот светски локатор

**Предлози на повикувачки знакови**

**член 8**

Предложените повичувачки знакови (број и буква/букви) има право да ги бира радиоаматерот по сопствена желба, согласно зафатеноста и времето на мирување на одреден повикувачки знак.

**член 9**

Добиениот радиоаматерски знак (лиценца издадена од страна на АЕК) е со важност од 10 години, со право на неограничено продолжување од истиот радиоаматер.

**Странски државјани**

**член 10**

Странски државјанин кој има HAREC сертификат во рамките на CEPT, или чија држава ги прифаќа препораките на CEPT за радиоаматери, може да побара предлог за доделување на повикувачки знак доколку се наоѓа континуирано повеќе од 3 месеца на територијата на Република Македонија или во текот на годината ќе престојува повеќе од 3 месеца во Република Македонија (реализација на планови и активности со РСМ, деловна соработка со стопанството, владини и невладини организации и сл.)

Предлогот за повикувачкиот знак ќе биде согласно положената радиоаматерска класа од серијата Z38A-Z38ZZZ.

Странски државјани кои престојуваат помалку од 3 месеца на територијата на Република Македонија, со претходна најава на престојот во РСМ или АЕК (РСМ го известува АЕК за најавената активност) го користи знакот Z3/home call.

## Времетраење на предлог на повикувачки знак

**член 11**

Во случај на смрт на радиоаматерот, престанок со работа или промена на повикувачкиот знак, претходниот (користениот) повикувачки знак се става во мирување во наредните 5 години од денот на смртта, престанокот со работа или промената на повикувачкиот знак.

По истекот на 5 години, повикувачкиот знак може да биде доделен на друг радиоаматерс со соодветката радиоаамтерска класа.

**член 12**

Еднаш доставен предлог и доделен повикувачки знак за странски радиоаматер се става во мирување во наредните 3 години од истекот на времетраењето на лиценцата издадена од страна на АЕК. По истекот на рокот од 3 години, истиот повикувачки знак може да биде доделен на друг радиоаматер кој ги исполнува условите за користење на повикувачкиот знак.

## Предлози за специјални повикувачки знакови

**член 13**

Прдлозите за доделување на специјални знакови за одбележување на одредени пригоди и љубилеи до стручната служба на Радиоаматерскиот сојуз на Македонија можат да достават радио клубовите (правни лица) и радиоаматерите (физички лица), а барањето за истите до АЕК го проследува Радиоаматерскиот сојуз на Македонија.

Специјалните повикувачки знакови ги одобрува АЕК, со ограничено времетраење (користење) на истите, максимално до 1 (една) календарска година.

**член 14**

Предлозите за специјален повикувачки знак треба да ги содржи следните елементи:

- префикс Z3
- број/броеви најмногу до 5
- суфикс - буква/букви најмногу до 6

**член 15**

По исклучок на член 14, по барање на радиоаматерските клубови, а со одобрување на АЕК, во меѓународни натпревари со времетраење до 48 часа, предлагаме да се користат повикувачките знакови од серијата Z3A – Z3Z како натпреварувачки знакови (contest call).

Користењето на овие специјални повикувачки знакови мора да биде со претходна писмена најава до Радиоаматерскиот сојуз на Македонија, кој благовремено ќе ја извести АЕК за соодветната активност.

**Член 16**

Еднаш користен специјален повикувачки знак, било на правно или физичко лице, неможе да се користи во наредните 3 години.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 17**

Предлозите за повикувачките знакови со една буква во суфиксот кои се доделени на радио клубовите и радиоаматерите во согласност со претходните Правилници, корисниците на истите ги задржуваат се до нивната активност и продолжување на времетраењето на одобрувањето за користење на повикувачкиот знак.

**член 18**

Овој Правилник стапува на сила со денот на неговото донесување, односно усвојување од страна на ИО на РСМ.

Радиоаматерски сојуз на Македонија
Претседател
Звонко Стаменков/Z35W

**Табела 1**

| Р.б | Намена | Распон | Напомена |
|---|---|---|---|
| 1 | РСМ | Z37RSM | |
| 2 | РСМ | Z30RSM | |
| 3 | РСМ | Z31HQ - Z30HQ | Активности на РСМ |
| 4 | | Z35MAA – Z35MZZ | радиофарови |
| 5 | | Z35SAA – Z35SZZ | SHF репетитори |
| 6 | | Z35UAA – Z35UZZ | UHF репетитори |
| 7 | | Z35VAA – Z35VZZ | VHF репетитори |
| 8 | А и Р класа | Z31AAA – Z31ZZZ | |
| 9 | А и Р класа | Z32AAA – Z32ZZZ | |
| 10 | А и Р класа | Z33AAA – Z33ZZZ | |
| 11 | А и Р класа | Z34AAA – Z34ZZZ | |
| 12 | А и Р класа | Z35AAA – Z35LZZ<br>Z35NAA – Z35PZZ<br>Z35RAA – Z35RZZ<br>Z35TAA – Z35TZZ<br>Z35WAA – Z35ZZZ | |
| 13 | А и Р класа | Z36AAA – Z36ZZZ | |
| 14 | Радио клубови | Z37AAA – Z37ZZZ | |
| 15 | Странски оператори | Z38AAA – Z38ZZZ | |
| 16 | А и Р класа | Z39AAA – Z39ZZZ | |
| 17 | А и Р класа | Z30AAA – Z30ZZZ | |
| 18 | А класа | Z31AA – Z31ZZ | |
| 19 | А класа | Z32AA – Z32ZZ | |
| 20 | А класа | Z33AA – Z33ZZ | |
| 21 | А класа | Z34AA – Z34ZZ | |
| 22 | А класа | Z35AA – Z35LZ<br>Z35NA – Z35PZ<br>Z35RA – Z35RZ<br>Z35TA – Z35TZ<br>Z35WA - Z35ZZ | |
| 23 | А класа | Z36AA – Z36ZZ | |
| 24 | Радио клубови | Z37AA – Z37ZZ | |
| 25 | Странски оператори | Z38AA – Z38ZZ | |
| 26 | А класа | Z39AA - Z39ZZ | |
| 27 | А класа | Z30AA – Z30ZZ | |
| 28 | А класа | Z31A – Z31Z | |
| 29 | А класа | Z32A – Z32Z | |
| 30 | А класа | Z33A – Z33Z | |
| 31 | А класа | Z34A – Z34Z | |
| 32 | А класа | Z35A – Z35Z | |
| 33 | А класа | Z36A – Z36Z | |
| 34 | Радио клубови | Z37A – Z37Z | |
| 35 | Странски оператори | Z38A – Z38Z | |
| 36 | А класа | Z39A – Z39Z | |
| 37 | А класа | Z30A – Z30Z | |
| 38 | Радио клубови | Z3A-Z3Z | Натпреварувачки знакови |